***FOR IMMEDIATE RELEASE***
Octotober, 15, 2008
Press office: +389 (0)2 3115-244
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## Полско искуство - Македонски перспективи

Скопје, Holiday Inn 15.10.2008 година:

Под мотото “Мојата кредитна унија ми припаѓа мене” по деветти пат годинава беше промовиран Интернационалниот ден на кредитните унии. На конференцијата одржана во Holiday Inn, беа промовирани македонските перспективи на ФУЛМ врз основа на искуството на Асоцијацијата на кредитните унии на Полска. На конференцијата пригоден говор одржа Полскиот Амбасадор, г-дин Дариуш Карол Бахура, истакнувајќи ја улогата на кредитните унии во Полска. Покрај амбасадорот, воведно излагање имаше и г-ѓата Снежана Костадиноска Милошеска, од Министерството за Финансии, истакнувајќи ја потребата од “регулатива за небанкарски финасиски институции која ќе придонесе за натамошниот раст и развој на кредитните унии во Република Македонија”
На конференцијата свое обраќање имаше и г-дин Зоран Јовановски, од Народна банка на Република Македонија.Павел Грзесик од Асоцијацијата на кредитните унии на Полска и Претседателот на ФУЛМ, г-дин Стево Андровиќ ја претставија платформата за соработка за подобро законско решение на ФУЛМ. Во пресрет на 10 годишнината на ФУЛМ, г-дин Стево Андовиќ ја презентираше успешната работа на Штедилница ФУЛМ. Повеќе од 100 учесници на конференцијата од цела Македонија, ја дадоа својата поддршка на кредитните унии како сигурни и стабилни финансиски институциии посебно во моментално финансиски опкружување во светот. На крајот беше награден 8000-тиот член на ФУЛМ од Охридскиот регион.

## Белешка до уредниците

*Кредитните унии се кооперативи кои обезбедуваат еднаков глас и финансиска сигурност за повеќе од 172 милиони членови во 97 земји во светот. Тие се поседувани и управувани од членовите, претставувајќи безбедно место за штедење и овозможувајќи лесен пристап до кредитни услуги. Кредитните унии интернационално, се признаени како сила која се стреми кон позитивни економски и социјални промени и кои постигнаа голем успех кај сите нации. Тие се формирани врз база на принципот еден член/еден глас, овозможувајќи им ја на членовите можноста директно да ја искусат демократијата.*

*Здружението на Граѓани ФУЛМ ја основа Штедилница ФУЛМ со финансиска помош одАгенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски држави (USAID) и со техничка помош од Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU).*
*Штедилница ФУЛМ брои шест Филијали,, два шалтери, повеќе од 8.700 услужени штедачи, повеќе од 10 милиони Евра сервисирани кредити како и повеќе од 2,3 милиони Евра штедни влогови.*

*Покрај веќе воспоставените партнерски односи со Лигата на Кредитни Унии од Мичиген, САД и програмата “Луѓе им помагаат на луѓе”, оваа соработка на ФУЛМ претставува уште една потврда за успешноста на движењето на штедно кредитните унии во светот.*